# Ниска доверба кон медиумите и новинарите

***Анкета на Фондацијата "Конрад- Аденауер"и "Ипсос Македонија" за слободата на медиумите и довербата во меѓународните институции и држави***


**Хендрик Зитих**
Раководител
Медиумска програма во Југоисточна Европа
T +359 2 94249-71
hendrik.sittig@kas.de
www.kas.de/medien-europa


08.11.2018

**Речиси секој втор Македонец смета дека медиумите во земјата не известуваат самостојно и само една третина од населението смета дека се добро информирани за актуелните политички теми. Општо земено, Македонците се информираат за политиката преку телевизија. Постои релативно голема доверба кон ЕУ и НАТО. Ова се главните резултати од националната репрезентативна анкета нарачана од Медиумската програма во Југоисточна Европа на Фондацијата "Конрад Аденауер".**

## Довербата кон медиумите е ниска

Само 15 проценти од населението верува во вистински независен печат во Македонија; дополнителни 27 проценти не се сигурни во својата проценка. Покрај ова, само 14 проценти од испитаниците имаат голема доверба во работата на новинарите; наспроти нив, фрапантни 38 проценти не им веруваат на новинарите. "Ова се тажни резултати за новинарството во Македонија", коментира Хендрик Зитих, раководител на Медиумската програма во Југоисточна Европа, на Фондацијата "Конрад Аденауер". "Истражувањето покажа дека има голем простор за подобрување во однос на независните медиуми".

Малку повеќе од една третина (38 проценти) од граѓаните сметаат дека се добро информирани за политиката од медиумите. 16 проценти укажуваат дека не се заинтересирани за политика. Недостатокот на интерес е уште поголем кај младите луѓе. Скоро секој четврти граѓанин, на возраст од 18 до 29 години не сака да се занимава со политиката.

## Телевизијата доминира пред социјалните медиумите

Најважниот извор на информации за политиката се ТВ-каналите. 71 процент од Македонците ги следат политичките вести преку телевизијата. Потоа следат социјалните мрежи (47 проценти), веб-страниците на јавните институции и радио (секој од нив со 12 проценти). Печатените медиуми се користат само како извор на информации за 9 проценти. Во однос на возраста постои слична слика како и во другите земји. Помладата генерација помалку гледа телевизија и повеќе користи интернет и социјални медиуми.
Во врска со довербата, телевизијата исто така предничи. Секој втор Македонец верува на телевизиските вести. Потоа следат социјалните медиуми (18 проценти), веб-страниците на јавните институции (7 проценти) и радио програмите (6 проценти). Сепак, 28 проценти од испитаниците одговориле дека не веруваат во кој било извор на информации.

08.11.2018

Иако телевизијата ужива голема доверба, 39 проценти од населението сметаат  дека лажните факти се дистрибуираат преку телевизија. Ова мислење е уште повисоко за социјалните мрежи, 44 проценти. "Овие резултати не се изненадување и ја потврдуваат перцепцијата на медиумската заедница во земјата. Укажуваат на потребата за спроведување на системски реформи на медиумите во Македонија како предуслов за создавање поповолна средина за работа на новинарите и медиумите. За да се создаде подобар имиџ, треба  дополнително да се подобрат професионалните стандарди на новинарите и независно известување", рече Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).

**Повеќе доверба во меѓународни организации отколку во другите земји**

Друг аспект на истражувањето беше довербата во други држави и меѓународни организации. 44 проценти од Македонците имаат висока или голема доверба во Европската Унија. Наспроти нив, 30 проценти изјавија дека малку или многу малку ѝ веруваат на ЕУ. НАТО ужива голема доверба. 41 проценти ѝ веруваат на организацијата за одбрана.
Во однос на довербата во други земји, Германија е со 35 проценти пред САД (30 проценти) и Русија (22 проценти).

Анкетата спроведе ја Институтот "Ипсос Македонија". Примерокот од 1033 испитаници е репрезентативен на национално ниво. Резултатите беа презентирани на јавната дискусија на тема "Како може да се врати довербата на граѓаните кон медиумите и политиката?" која се одржа во Скопје, на 8 ноември 2018 година. Говорници на панел-дискусијата која што ја организираше Медиумската програма во Југоисточна Европа на Фондацијата "Конрад Аденауер" и Здружението на новинарите на Македонија беа Александар Кржаловски, директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Мирче Адамчевски, Претседател на Комисијата за жалби при Советот за Етика во медиумите на Македонија и Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинари на Македонија .

Медиумската програма во Југоисточна Европа е дел од глобалната медиумска програма на Фондацијата "Конрад Аденауер". Во рамките на промоцијата на глобалната демократија, еден од посебните приоритети на Фондацијата "Конрад Аденауер" е поддршката на слободните и независни медиуми како суштински предуслов за креирање на демократските мислења  на граѓаните. Медиумската програма во Југоисточна Европа на Фондацијата "Конрад Аденауер" се имплементира во десет земји од регионот со активности во областа на квалификациите на новинарите, слободата на медиумите и политичката комуникација.
За повеќе информации: www.kas.de/medien-europa/en